# ЦЕЛИ НА РЕВИЗИЈАТА

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде оценка за состојбата со заштитата на природата во националните паркови во Република Македонија, како и да даде придонес за подобрување на ефикасноста на заштитата на природата во националните паркови, констатирање на состојбите, слабостите, неправилностите, пропустите во процесот на заштита на природата во националните паркови во Република Македонија, состојбата со човечките ресурси, финансиски средства, опременоста, како и активностите кои МЖСПП, Јавните установи и надлежните институции за заштита на природата ги преземаат за ефикасна заштита и унапредување на природата во националните паркови во Република Македонија согласно законска регулатива.

Од резултатите добиени со прелиминарните истражувања, информации и откриени ризици, собраната и анализирана документација произлезе следната генерална цел:

**“Дали надлежните институции во Република Македонија преземаат активности, мерки и политики со цел заштита и развој на Националните паркови (Пелистер, Маврово и Галичица)? “**

Со ревизијата на успешност опфатени се следните области:

- Законска регулатива од областа заштита на природата;
- Формирање, организација, надлежност и функционирање на институциите надлежни во областа;
- Кадровска екипираност, опременост и средства за финансирање на националните паркови и заштита на природата;
- Просторни планови, надзор и контрола на националните паркови;
- Мерки и активности за развој и заштита на националните паркови во Република Македонија;

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде оценка за функционирање на МЖСПП, Јавните установи (Пелистер, Маврово и Галичица) и надлежните институции во спроведувањето на надлежности кои се однесуваат на заштита на природата во национални паркови, како и покриеноста на законската регулатива од областа и други отворени прашања од областа за кои ревизијата најде за потребно да ја спроведе и прошири ревизијата на успешност преку креирање на соодветна ревизорска програма и план.

Ревизија на успешност беше насочена и кон оценка на: постоењето на ризици во областа предмет на ревизија кај МЖСПП, Јавните установи и надлежните институции, соодветни политики кај надлежните институции, преземените мерки во функција на исполнување на целите, нивото на функционирање на МЖСПП и Јавните установи заради ефикасно заштита на природата во националните паркови и други отворени прашања кои ги имавме во текот на ревизијата.



*Ревизорска екипа* | *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________

*2.* ______________ | ______________

*3.* ______________

## ЦЕЛИ НА РЕВИЗИЈАТА

Како резултат од истражувањата искажани се состојбите во поглавјата Основни податоци и Ревизорски наоди.

Со ревизијата на успешност опфатен е периодот 2011 – 2013 година (заклучно со октомври 2013 година), во одредени области и прашања и настани пред 2011 година и последователно до денот на известување од извршената ревизија. Ревизијата на успешност која ја спроведе ревизорска екипа од Државниот завод за ревизија е извршена активност, планирана и спроведена согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2013 година.

Со оваа ревизија на успешност е опфатена област која до сега не била предмет на ревизија, а која претставува предмет од интерес на повеќе институции, како и пошироката јавност во Република Македонија.

Ревизорскиот опфат и применетата методологија во процесот на спроведување на ревизијата на успешност се подетално објаснети во Прилог 1 - Опфат и методологија од овој извештај.



***Ревизорска екипа***
*1.*
*2.*
*3.*

***Овластен државен ревизор***